**20232764812**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22 и 65/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 декември 2023 година, донесе

**УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2023 ГОДИНА**

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.30/23, 42/23, 110/23, 138/23, 149/23 и 248/23) во членот 2 став (2) во табелата во подмерката 1.13. во колоната „Поблиски критериуми и висина на директни плаќања“ во алинејата 2 износот „28.000“ се заменува со износот „40.000“.

По подмерката 1.20. се додава нова подмерка 1.21. која гласи:

| | | |
|---|---|---|
| 1.21. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.12. за произведено и предадено винско грозје во регистрирани капацитети за производство на вино во Република Северна Македонија | -Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои се корисници на подмерката 1.12. од оваа уредба, а кои имаат површини под лозови насади и остварено производство на винско грозје од реколта 2023 година, кое е предадено во регистрирани капацитети за производство на вино во Република Северна Македонија или е преработено за потребите на сопствениот преработувачки капацитет регистриран за производство на вино во Република Северна Македонија и<br>-Висината на дополнителните директни плаќања изнесува 1 денар по килограм. |

.“

Член 2

Во членот 3 по ставот (7) се додава нов став (8) кој гласи:

„(8) Спроведувањето на подмерката 1.21. од членот 2 став (2) од оваа уредба ќе се врши врз основа на податоци за откупено винско грозје од реколта 2023 година, вклучително и за преработено винско грозје за потребите на сопствениот преработувачки капацитет кои до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ќе ги доставуваат регистрираните капацитети за производство на вино во Република Северна Македонија.“

Ставовите (8), (9) и (10) стануваат ставови (9), (10) и (11).

Во ставот (11) кој станува став (12) зборовите „ставот (10)“ се заменуваат со зборовите „ставот (11)“.

Во ставот (12) кој станува став (13) зборовите „ставот (11)“ се заменуваат со зборовите „ставот (12)“.

Во ставот (13) кој станува став (14) зборовите „ставот (11)“ се заменуваат со зборовите „ставот (12)“.

Ставовите (14), (15) и (16) стануваат ставови (15), (16) и (17).

Во ставот (17) кој станува став (18) зборовите „ставовите (14), (15) и (16)“ се заменуваат со зборовите „ставовите (15), (16) и (17)“.

Ставот (18) станува став (19).

Во ставот (19) кој станува став (20) зборовите „ставовите (15), (16), (17) и (18)“ се заменуваат со зборовите „ставовите (16), (17), (18) и (19)“.

Ставовите (20), (21), (22), (23), (24), (25) и (26) стануваат ставови (21), (22), (23), (24), (25), (26) и (27).

Член 3

Во членот 4 по точката 1-а се додава нова точка 1-б која гласи:

„1-б. До 31 декември 2023 година за подмерката 1.21. од членот 2 став (2) од оваа уредба.“.

Во точката 2 зборовите „25 декември 2023 година“ се заменуваат со зборовите „30 декември 2023 година“.

Член 4

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.41-12853/5
22 декември 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.